

# GLOBE
## Во МАКЕДОНИЈА



Број 3, Нова Година 2001

# СРЕЌНА НОВА 2001!!

Се приближува крајот на уШте една година во која ја набљудувавме планетата на којаШто живееме, со цел да научиме повеЌе и да им помогнеме на другите да научат неШто повеЌе за неа. Тоа го правевме со љубов и ентузијазам, во полза на животната средина со желба да ја направиме истата подобро место за живеење за нас и за идните генерации. НаШите напори се наградени со вредните резултати Што ги оствaривме и со бројните пријателства Што ги создадовме.

А сега, стоејЌи на прагот на Новата Година - прва од новиот милениум - би сакала да ја поделам мојата надеж со вас, дека и понатаму, како и досега Ќе продолжиме да работиме заедно и Ќе и служиме на истата цел - добросостојбата на наШата заедничка мајка - Земјата.
Многу среЌа, радост, здравје и успех во секој ден од 2001 година, Вам, на ВаШите семејства и на ВаШите пријатели,

Ви посакува,
Светлана ЃорЃева
Национален ГЛОБЕ координатор




***Благица Терзиска***
***ДСУ "Ацо Русковски" - Берово***

### ЕКОЛОГИЈА

Екологијата е многу важна
за сите нас,
на природата
таа ќе и донесе спас.

За зачувување на нашиот свет,
едно ветување е многу важно,
и тоа не смее да биде лажно.

Ќе ги чуваме шумите,
животните ќе ги почитуваме,
отпадоци нема да фрламе,
и нема воздухот да го загадуваме!

Ние треба да сме свесни,
на земјата и нема спас,
од тие луѓе како нас.

Почитувај ја екологијата,
разбуди ја својата свест
и на секаде разгласи ја оваа вест:
"ЕКОЛОГИЈАТА Е СПАС ЗА СИТЕ НАС"

**Од членовите на секцијата ГЛОБЕ**
**О.У. "Димитар Миладинов", Скопје**



### ОБВРСКИТЕ КОН ГЛОБЕ

Наутро со термометарот
сме ние,
а, исто така и пред сонцето да се скрие.

Кога ќе падне дожд и снег,
киселост мериме и податоци бериме.

Активни членови на секцијата
сме ние, обврски разни извршуваме.

Со љубов работиме
за околината се грижиме и
со природата повеќе се дружиме.
Разни акции превземаме
за чиста и здрава еколошка средина
да имаме.

**Од членовите на секцијата ГЛОБЕ**
**О.У."Гоце Делчев" - Ресен**



## ТВОЈАТА СОВЕСТ

Јас сум секогаш со тебе. Ги знам сите твои слабости и квалитети. Знам дека совесно ги извршуваш задолженијата на работното место, знам дека убаво пееш.... знам дека....

Знам дека еднаш скрши гранка од млада фиданка, знам дека никогаш немаш посадено млада садница, знам дека често хартијата од твојот појадок ја фрлаш на улица, знам дека кога одиш на излет отпадоците ги оставаш во зеленилото, а количката со ѓубре ја фрлаш во реката, знам дека и од твојот балкон фрлаш.....
Ти велам, се знам за тебе и многу се срамам за некои твои постапки.
Со нетрпение чекам да станеш еколошки културен, па да се гордеам со тебе.
Се прашуваш кој ти зборува? Јас сум твојата совест.

**Наташа Фурнаџиска, II клас**
**ДСУ "Ацо Русковски" - Берово**



## НАШЕТО ГЛОБЕ

И во лето и во зима
и во топло и во студ
во ГЛОБЕ го вложуваме
нашиот труд.

Облаци сиви и бели
во ливчињата наши
ги запишуваме смели.

Секој ден пред компјутер седам
и податоците од ГЛОБЕ ги
редам.

И ете, мериме без мака
затоа што ГЛОБЕ секој го сака.

**Од членовите на секцијата ГЛОБЕ**
**О.У. "Гоце Делчев" - Ресен**




**Стефчо Андоновски**
**ДСУ "Ацо Русковски" - Берово**

## ГЛОБЕ во Берово

Еколошкиот клуб кој активно работи при ДСУ "Ацо Русковски" во Берово, овој месец работеше на засадување на дрвца во училишниот двор. Беа засадени околу 16 дрвца. Исто така членовите на еколошкото друштво го исчистија училишниот двор во рамките на стариот училишен објект како и самиот објект. Во моментот еколошкото друштво работи на реализирање на проекти за, и околу прославувањето на Новата Година.
Во името на директорот и сите вработени во училиштето, како и во името на сите ученици и членови на ГЛОБЕ секцијата би сакал да ги поздравиме сите читатели на весникот ГЛОБЕ и да им посакаме
**СРЕЌНА НОВА 2001 година и весели БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ!**

**Слободан Пандов - ГЛОБЕ инструкор**
**ДСУ "Ацо Русковски" Берово**